III ЈВМ
2ЛЛ127

УРПЖ.бр.264/2024

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Виолета Илиевска - претседател на советот, м-р Емрије Зубери Амити и Лидија Георгиевска - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Томи Салковски од Скопје, изјавена преку полномошник Адвокатско друштво Доневски од Скопје против Решението за трошоци на Управниот суд У-6.бр.96/2024 од 21.05.2024 година, на седницата на советот одржана на ден 25.09.2024 година, донесе:

Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup
Примено / Pranuar: 15.10.2024
Орг. Един. / Njësia org.: 08 | Број / Numri: 351 | Прилог / Pranoi | Вредност / Vlera

РЕШЕНИЕ

Жалбата на тужителот Томи Салковски од Скопје, изјавена против Решението за трошоци на Управниот суд У-6.бр.96/2024 од 21.05.2024 година, СЕ УВАЖУВА.

Решението за трошоци на Управниот суд У-6.бр.96/2024 од 21.05.2024 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА и СЕ ОДЛУЧУВА:

Барањето на тужителот Томи Салковски од Скопје, за надомест на трошоците во постапката, СЕ УВАЖУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот орган Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер да му ги надомести на тужителот трошоците во постапката во вкупен износ од 45.032,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на решението.

ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AVOKATURA E SHTETIT E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ - SHKUP
14.10.2024
Примено: / Pranuar më:
Орг. Един. / Nj. org | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera

Образложение

Управниот суд со Пресуда У-6.бр.96/2024 од 21.05.2024 година, тужбата на тужителот Томи Салковски од Скопје, ја уважил и ја задолжил Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, веднаш по приемот на пресудата да одлучи по жалбата на тужителот Томи Салковски од Скопје, од 29.01.2024 година, заведена кај тужениот орган под бр.08-56/1 од 01.02.2024 година, изјавена против Решението за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер на Министерството за култура УП1.бр.03-849/2023 од 12.01.2024 година. Истовремено со решение судот делумно го уважил барањето на тужителот за надомест на трошоците на постапката и го задолжил тужениот орган да му ги надомести на тужителот трошоците на постапката во износ од 8.280,00 денари, во рок од 15 дена по правосилноста на одлуката. Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката за разликата од досудениот до побараниот износ од 24.904,00 денари, судот го одбил како неосновано.

Против решението за трошоци на Управниот суд жалба изјави тужителот поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право со предлог жалбата да се уважи, решението за трошоци на Управниот суд да се преиначи на начин што барањето на тужителот за надомест на трошоците на постапката да се уважи и да се задолжи тужениот орган на тужителот да му ги надомести трошоците на постапката.

Во одговор на жалба тужениот орган предложи жалбата на тужителот да се одбие како неоснована и да се потврди одлуката на Управниот суд.

Вишиот управен суд по проучување на списите по предметот, ценејќи ги наводите во жалба, испитувајќи го побиваното решение во смисла на член 79 став 1 во врска со член 71 став 3 од Законот за управните спорови, најде:

Жалбата на тужителот е основана.

Управниот суд со Пресуда У-6.бр.96/2024 од 21.05.2024 година, тужбата на тужителот Томи Салковски од Скопје, ја уважил и ја задолжил Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, веднаш по приемот на пресудата да одлучи по жалбата на тужителот Томи Салковски од Скопје, од 29.01.2024 година, заведена кај тужениот орган под бр.08-56/1 од 01.02.2024 година, изјавена против Решението за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер на Министерството за култура УП1.бр.03-849/2023 од 12.01.2024 година.

Истовремено со решение судот делумно го уважил барањето на тужителот за надомест на трошоците на постапката и го задолжил тужениот орган да му ги надомести на тужителот трошоците на постапката во износ од 8.280,00 денари, во рок од 15 дена по правосилноста на одлуката. Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката за разликата од досудениот до побараниот износ од 24.904,00 денари, судот го одбил како неосновано. Одлуката за надомест на трошоците на постапката Управниот суд ја донел повикувајќи се на Законот за судски такси и согласно одредбата од член 8 точка 10 од Адвокатската тарифа.

Вишиот управен суд најде дека решението за трошоци на Управниот суд е незаконито.

Согласно член 86 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019), доколку судот во управен спор одлучува за право, обврска или правен интерес, за трошоците на постапката одлучува според одредбите од Законот за парничната постапка.

Согласно член 14 став 1 од истиот Закон, за прашања во постапката кои не се уредени со овој закон, соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка.

Согласно член 148 став 1 од Законот за парничната постапка, странката која во целост ќе ја загуби парницата е должна на спротивната странка и на нејзиниот замешувач да им ги надомести трошоците.

Согласно член 149 став 1 од Законот за парничната постапка, при одлучувањето кои трошоци ќе и се надоместат на странката судот ќе ги земе предвид само оние трошоци што биле потребни за водење на парницата. За тоа кои трошоци биле потребни, како и за висината на трошоците одлучува судот, оценувајќи ги грижливо сите околности.

Согласно член 8 оддел 1 точка 10 од Адвокатската тарифа, за управен спор наградата изнесува 7.000,00 денари.

Согласно оддел 6 од Тарифата, наградата предвидена по одредбите на оваа Тарифа се зголемува за 30% на име паушал за сите споредни дејствија што се тарифирани, освен за глава II точка 2,3 и 4.

Согласно оддел 3 точка 1 од Тарифата, за застапување и одбрана наградата е како за состав на соодветен поднесок и саатнина од 20% за секој започнат час.

Имајќи ја предвид содржината на цитираните законски одредби, како и барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоците на постапката пред Управниот суд, по наоѓање на Вишиот управен суд не може да се прифати дека правилно постапил Управниот суд кога вака поставеното барање делумно го уважил и го задолжил тужениот орган да му ги надомести трошоците на постапката на тужителот во износ од 8.280,00 денари, повикувајќи се на Законот за судски такси и согласно одредбата од член 8 точка 10 од Адвокатската тарифа.

Поради наведеното при одлучувањето по жалбата на тужителот, Вишиот управен суд ги ценеше жалбените наводи по однос на досудениот износ на трошоците на постапката и најде дека се истите се основани, со оглед да истите се правилно пресметани од страна на полномошникот на тужителот согласно Адвокатската тарифа, поради што жалбата на тужителот ја уважи и го задолжи тужениот орган да му надомести на тужителот Томи Салковски од Скопје на име трошоци на постапката вкупен износ од 45.032,00 денари во рок од 15 дена по приемот на решението и тоа: за состав на тужба износ од 10.738,00 денари со пресметан 18% ДДВ, износ од 12.886,00 денари за застапување пред Управниот суд со пресметан 18% ДДВ, износ од 19.328,00 денари за состав на жалба со пресметан 18% ДДВ, износ од 480,00 денари судска такса за тужба, износ од 800,00 денари за судска такса за одлука и 800,00 денари за судска такса за жалба.

Вишиот управен суд одлучи како во изреката на решението согласно член 80 став 4 во врска со член 71 став 3 од Законот за управните спорови.

Решено во Виш управен суд на ден 25.09.2024 година под УРПЖ.бр.264/2024.

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија
Виолета Илиевска с.р.

/МА

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник